Република Македонија
**Влада на Република Македонија**
**Центар за управување со кризи**

[redacted]

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 06.11.2014 | | |
|---|---|---|---|
| Организ. | Број | Прилог | Вредност |
| 13 | 311/6 | | |

Дел. Бр. 11-2416/3
27.10.2014 год.

Центар за управување со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3249 101
Факс. (02) 3249 213
Сајт: www.cuk.gov.mk

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______
______ 20__ год.
Потпис,
______

**ДО**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**ул. Македонија 12/3**
**1000 СКОПЈЕ**

**Предмет:** Известување.-
Ваш акт: 13-311/5 од 02.10.2014 година

Почитувани,

Во врска со горе наведениот акт со кој од Ваша страна е доставен Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешност – Ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешната ревизија во Центарот за управување о кризи , Ве известуваме дека, по разгледувањето на истиот, констатирани се неколку забелешки од наша страна за кои бараме да бидат корегирани од ваша страна и тоа:

1. Во точката 2.2.1 Системот на интерни контроли во процесот на спроведување на набваките и плаќањата , на страна 30 , алинеја 3 зборовите „вршител на должноста раководител на Секторот за финансиски прашања" да се заменат со зборовите „вршител на должноста помошник раководител на Секторот за финансиски прашања".

2. Во истата точка став 3 на страна 27 кој гласи „ Центарот има воспоставено систем на интерни контроли во делот на спроведувањето на набавките и плаќањата, за кои врз основа на спроведените тестирања, се стекнавме со уверување дека во најголем дел функционираат на задоволително ниво согласно законите, подзаконските и интерните акти, со одредени отстапувања во делот на контролите при подготвувањето на тендреската документација и следењето на реализацијата на склучените договори, како и недоволна кадровска екипираност на секторот за финансиски прашања", сметаме дека е потребно, согласно дополнителното усно појаснување добиено од ревизорскиот тим, да се допрецизира делот кој се однесува на следењето на реализацијата на склучените договори, односно предлагаме текстот „ и следењето на реализацијата на склучените договори ", да се замени со „интерната контрола во извршувањето на услугите од страна на економските оператори со кои се склучени договори".